# ОДГОВОР

## на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје на ден 03.02.2015 година достави „произнесување/известување“ во врска со Нацрт извештајот за извршена ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје до Државниот завод за ревизија, заведени под број 11 - 246/1.

Овластениот државен ревизор ги разгледа известувањата по Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатеното известување во делот на Основни податоци односно „Организациони облици“ и Законска и подзаконска рамка“ од Нацрт извештајот ќе бидат соодветно вградени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

2. Упатеното известување на **точка 2.2.1.2.** алинеја 3 дадена во делот „Систем на интерни контроли во процесот на набавки“ од ревизорските наоди од Нацрт извештајот, а која се однесува на утврдената состојба за начинот на изготвувањето на Планот за јавни набавки односно истиот се изготвува во Секторот за финансии, информатика и комерција, без притоа Одделението за јавни набавки да ја има координативната улога при негово изотвување, **претставува известување,** поради тоа што Секторот за финансии, информатика и комерција ја отпочнува, реализира односно координира целокупната постапка за изготвување на истиот. Постапката на изготвување на Планот за јавни набавки ја отпочнува Секторот за финансии, информатика и комерција со доставување на барање до сите сектори баратели за изготвување на Нацрт Годишен план за јавни набавки. По добивањето на податоците по барањето, Секторот изготвува и го доставува Предлог планот до Одборот на директори, а Одделението за јавни набавки дава само мислење на изготвениот Предлог Планот за јавни набавки и кратки насоки за постапување. Дел од неведените постапки за изготвување на Планот за јавни набавки се потврдуваат и од страна на самиот субјект во упатеното известувања, без притоа до ревизијата да се достават дополнителни ревизорски докази.

3. Упатената забелешка на дел на алинејите од **точка 2.2.1.** во делот „Инвентарисување на средствата и обврски“ од ревизорските наоди од Нацрт извештајот која се однесува на вршењето на пописот на средствата и изворите на средства **преставува известување** и објаснување за причините на состојбите утврдени од страна на ревизијата за што е наведено како што следува:
   - за **алинеја 1** која се однесува на користење на Упатство за попис донесено во претходни години и не усогласено со трансформацијата на Друштвото и со одредбите на Правилникот за попис од 2011 година, од страна на Друштвото е неведено дека „пописните комисии ... за пописот од 2013 година користеа Упатство за попис донесено од претходните години „, бидејќи новото упатство усогласено со трансформацијата на друштвото не беше донесено во тој момент“;
   - за **алинеја 3** која се однесува на не извршено целосно усогласување на утврдената состојба по попис и по сметководствената евиденција во трговските книги, од страна на Друштвото се наведува дека „Централната пописна комисија на Акцинерското друштво целосно изврши усогласување ... што може да се потврди со збирниот заклучен лист во моментот на извршување на пописот и рекапитуларите изговени од централната пописна комисија, а кои претходно беа усогласени со пописните листи, рекапитуларите и заклучните листови на подружниците.“ Ревизијата потенцира дека од страна на некои пописни комисии не се изготвени пописни листи за извршено усогласување на состојбата по попис и по сметководство, а податоците во рекапитуларите од попис се внесуваат од заклучните листови. Следствено на наведено и Централната пописна комисија неможела да изврши целосно усогласување на состојбата по попис и по сметководство.
   - за **алинеја 6** која се однесува дека сите членови на пописните комисии не се потпишани на дел од изготвените пописни листи, прегледи, рекапитулари и друг пописен материјал од страна на Друштвото се наведуваат причините за утврдената состојба од страна на ревизијата;
   - за **алинеја 10** која се однесува дека пописната комисија за попис на имот-објекти и опрема, побарувања и обврски пренесени на Друштвото согласно Делбениот биланс на Агенцијата на Република Македонија за приватизација со состојба 31.12.2013 година не извршила попис на нивната фактичката состојба, се наведуват причините за утврдената состојба од страна на ревизијата.